23.04.2026
08 263

У-6.бр.223/2026

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД преку судијата м-р Дитурије Елези Незири како судија поединец, одлучувајќи по тужбата на тужителите М.Ч. и Д.Ч од Гостивар, поднесена против Решението на Агнцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер бр.08-263 од 17.07.2023 година, за пристап до информации од јавен карактер, на ден 07.04.2026 година, согласно член 38 и 59 од Законот за управните спорови, ја донесе, следната:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителите М.Ч. и Д.Ч од Гостивар, поднесена против Решението на Агнцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер бр.08-263 од 17.07.2023 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен каркатер 08-263 од 17.07.2023 година, жалбата изјавена од сега тужителите против Решението на Судски совет на Република Северна Македонија бр.11-1143/23 од 08.06.2023 годиназа за пристап до информации од јавен карактер, се одбива како неоснована, додека решението на имателот на информации бр. 11-1143/23 од 08.06.2023 година, се потврдува.

Тужителите со тужба за управен спор го оспорува наведеното решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен каркатер, со предлог истото да се поништи поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведува дека тужениот орган погрешно постапил кога со оспореното решение ја одбил како неоснована жалбата на сега тужителите и прифатил дека првостепениот орган првилно ја водел постапката по поднесеното барање за информација од јавен карактер на сега тужителите, односно кога прифатил дека Судскиот совет спровел тест за штетност за конкретниот случај, бидејќи во спистите на предметот таков доказ непостои.

Тужениот орган во одговор на тужбата, ги достави списите по предметот и остана кон наводите на оспореното решение, со предлог тужбата да се одбие како неоснована.

Одговорот на тужбата даден од страна на тужениот орган, Судот заедно со поканата за јавна расправа го достави до тужителите кој уредно беше примен од нивна страна.

На одржаната јавна расправа на ден 15.12.2023 година беа присутни тужителити, на даден збор од судот тужителот М.Ч., истакна, останувам во се како што е наведено во тужбата и Поднесокот од 11.12.2023 година, со препорачана пратка досатвен до Судот, кој на денот на јавната расправа беше доставен и до претсавниците од тужениот орган со цел произнесување по истиот во текот на денешната јавна расправа. Уште еднаш нагласи за Судот дека при водење

на постапката пред тужениот орган се сторени повреди на правилата на постапката со тоа што не е спроведен тест за штетност, факт што го утврдив при увидот што го извршив пред Управниот суд на 05.12.2023 година, од каде утврдив дека во списите на предметот што се доставени до Судот недосатасува овој доказ. Исто така сакам да нагласам на судот дека одговорот на жалба што го видов при увидот, а што Судкски совет го дал до тужениот орган не беше доставен со цел да се исполни начелото на контрадикторност на водење на постапката. Дотолку би биле спорведени законски констатациите повреди, односно задолжителниот тест за штетност, исходот на постапката пред тужениот орган би била друга. Сметам дека со дозвола или одобрување на пристапопт до информацијата од јавен карактер, иако не е така категоризирана како информција од јавен карактер, туку станува збор на лични податоци на поединец - Судија во парнична постапка, а за која постапка со оглед на тоа што немаме како тужители можност за обезбедуавње на тие податоци на друг начин или друга постапка ние сме оштетени како тужители да не можеме да поднесеме претставка на Судијата пред Судскиот совет на РСМ.

Претставник на тужениот орган, истакна дека тужениот сочуствува со сето она што го наведе тужителот досега, меѓутоа мора да укаже на следното: барање како предметното барање достевено до имателот на информации не може да се оствари согласно Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, што значи дека во конкрентиот случај, неосновано се користени одредбите од овој закон за добивање на инфоормација од личен карактер. Поради тоа, тужениот останува во целост на оспореното Решение од 17.07.2023 година, како и на Одговорот на тужба од 18.09.2023 година. Во однос на барањето на тужителот до Управниот суд да го добие примерокот како доказ од спорведен тест на штетност, тужениот укажува дека тестот на штетност е задолжителна постапка, но истиот не е пропишано дека мора да биде како засебен правен акт, туку истиот може да биде содржан во Решението на првостепениот орган, односно Имателот на информации, како што е и сторено и во конкретниот случај. Имено, истиот се споменува и образложува во вториот пасос од третата страница од решението на ССРМ од 08.06.2023 година. Што се донесува до забелешката на тужителот дека не му е доставен одговор на жалба од страна на Имателот на информации, тужениот истакнува дека во управната постапка по жалбата не е задолжен да го дава одговорот на жалба до жалителот, односно истиот го користи заради решавање на работата.

Во доказна постапка, Судот на јавната расправа изврши увид во: Тужба, оспорено Решение број 08-263 од 17.07.2023 година на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, Барање за пристап до информации од 29.05.2023 година, Решение од Имателот на информации бр.11-1143/23 од 08.06.2023 година, Жалба бр.08-263 од 04.07.2023 година, Препраќање на жалба бр. 08-263 од 04.07.2023 година, доставување на одговор на жалба бр.11-1143/23-4 од 10.07.2023 година, Поднесок до Основен суд Гостивар од тужителот од 22.12.2021 година, Записник П1-380/19 од 25.04.2023 година на Основен суд Гостивар, Записник П1-380/19 од 14.09.2022 година на Основен суд Гостивар, Поднесокот од 11.12.2023 година и Поднесок за вршење увид од 29.11.2023 година, доказ- потврда за извршен увид од 05.12.2023 година на Управен суд.

Во завршни зборови тужителот М.Ч. реплицираше во однос на наводите на претставниците на тужениот орган на начин што го замоли судот да биде консатирано во кое својство сега претставникот на тужениот орган е овластен да ја застапува Агенцијата - сега тужениот орган, бидејќи за тоа треба да има овластување кое треба да биде усогласено согласно Законот за слободен пристап

во спротивно исказот на претставникот на тужениот орган да не се земе во предвид. Друга околност приговараме на тестот на штетност направен наводно од страна на Имателот на информацијата, иако таков доказ нема во списите на предметот, ниту во прилог на одговорот на жалба, затоа што согласно ЗОУП странките имаат право да се прозинесат по сите наводи, факти и докази на спротивната странка, согласно начелата на ЗОУП. Освен тоа тестот на штетност кој што како правна институција е предвиден со Законот за слободен пристап членот 3 став 1 алинеја 6 нагласувам дека последиците врз интересот кој се заштитува со откривање на бараната информација за да биде применет тестот за штетност на конкретниот предмет последииците треба да бидат помали во однос на последиците од јавниот интерес утврдени со закон, зачи тестот на штетност кажува дека јавен интерес во остварувањето на правото на пристап до инфопрмации - општ поим, не од јавен карактер, подразбира не се ограничува, односно на интерес на информации со чие што објавување остварувањето на пристапот не може да се примени затоа што ќе се открие злоупотреба на службна положба и овластување, согласно точка 7 од став 1 кој што кажува дека ке сеовозможи еднаков пристап до сите граѓани. На крајтужителот предложи да се уважи тужбеното барање и согласно дополнување и прецизирањето од 11.12.2023 година. Трошковник ќе достави во рок од три дена.

Во завршни зборови претставникот на тужениот орган изјави дека станува кон оспореното Решение со предлог тужбата да се одбие како неоснована, и да се потврди решението на тужениот.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата на тужителите го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, изјавеното на јавната расправа и списите на предметот, најде дека тужбата на тужителите е неоснавана и донесе Пресуда У6.бр.551/2023 од 18.12.2023 година со која ја одби тужбата.

Во постапка по жалба Вишиот управен суд со Решение УЖ-1 бр.247/2024 од 06.03.2026 година, жалбата на сега тужителите ја уважи, а Пресудата на Управен суд У6.бр.551/2023 од 18.12.2023 година ја укина, утврдувајќи дека пресудата на Управниот суд е донесена со суштествена повреда на одредбите на постапката. Имено, Вишиот управен суд најде дека иако во пресудата е наведено дека била одржана јавна расправа на ден 15.12.2023 година и дека одлуката е донесена врз основа на наводите и доказите изведени на истата, во списите на предметот не се наоѓа записник од таа расправа, што создава нејасност дали расправата навистина била одржана и дали за неа бил составен записник, како задолжително процесно дејствие. Предвид наведеното даде напатствија Управниот суд во повторната постапка да ги отстрани констатираните недостатоци, да обезбеди целосна и правилна процесна документација во однос на одржаната јавна расправа, како и правилно и целосно да ја утврди фактичката состојба и да донесе нова, законита и правилна одлука во согласност со одредбите од Законот за управните спорови и Законот за пристап до информации од јавен карактер.

Постапувајќи по напатствијата содржани во решението на Вишиот управен суд, а имајќи предвид дека пресудата е укината поради констатиран пропуст во однос на записникот од одржаната јавна расправа, овој суд изврши дополнителна проверка во електронскиот систем АКМИС и во списите на предметот, при тоа се утврди дека за јавната расправа одржана на ден 15.12.2023 година е составен записник, кој е уредно верификуван во АКМИС системот веднаш по неговото потпишување од страна на присутните странки, за што е обезбеден електронски доказ од системот АКМИС, со дата и час на верификација. Воедно, утврдено е дека

на странките им биле доставени примероци од записникот согласно законските одредби, додека примерок од истиот, во непотпишана форма, се наоѓа и во списите на предметот.

Имајќи го предвид наведеното, судот оцени дека неспорниот недостаток на потпишан записник во списите на предметот не го доведува во прашање фактот на одржување на јавната расправа, ниту пак нејзината содржина и тек, особено ако се има предвид дека истото не е оспорено ниту од страна на тужителите ниту од тужениот орган во постапката по жалба. Оттука, судот цени дека ваквиот недостаток не влијае, ниту може да влијае врз законитоста и правилноста на постапката по овој управен спор и согласно начелото на економичност и ефикасност на постапката, смета дека нема потреба од повторно одржување на јавна расправа, туку врз основа на веќе утврдената фактичка состојба и изведените докази може да постапува по конкретниот случај, при што најде дека тужбата на тужителите е неоснована.

Од содржината на списите во предметот произлегува дека тужителите, на 29.05.2022 година поднеле Барање за пристап до информации од јавен карактер до Судски совет на Република Северна Македонија, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое побарале по пошта да му се доставaт следните информации:„Од Претседателот на Судскиот Совет на РСМ-како имател на информација, бараме да ни биде достапно и издадено - лични и адресни податоци, во однос на име и презиме, локациски услови-место на живеење и адресни податоци на судијата поединец Реџеп Асани кој постапува по предметот П1бр.380/19, што се води пред Основен суд.Гостивар." Постапувајќи по ова Барање, Имателот на информации во законски предвидениот рок донел Решение бр.11-1143/23 од 08.06.2023 година, со кое Барањето на сега тужителите го одбива како неосновано. Во Решението е наведено дека: „Уставот како највисок правен акт и определени закони предвидуваат заштита на личните податоци на физичките лица. Во таа насока во член 18 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека „се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци". Според член 4 став 1 точка 1 од Законот за заштита на личните податоци.„личен податок" е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува.....Согласно со член 6 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации, имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до информации од јавен карактер чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци.н Во спроведената постапка „тест на штетност", Советот ги разгледа последиците кои можат да настанат врз интересот кој се заштитува доколку позитивно се одговори на барањето и податоците од персоналното досие на судијата кои се однесуваат на име и презиме, адреса и место на живеење бидат доставени до сега тужителите, по што утврди дека со истите би се повределе основните слободи и права на судијата како физичко лице, доколку бараните информации бидат достапни ќе се наштети на личниот интегритет на судијата. При одлучување Советот ја имал во предвид и одредбата од член 10 став 1 алинеа 1 од Законот за заштита на личните податоци според која „обработката на личните податоци е законита...". Во конретниот случај тоа не било сторено, односно нема дадена согласност од страна на субјектот на лични податоци од кои причини и обработката на бараните лични податоци на начин „откривање преку пренесување" утврден во член 4 став 1 точка 2 од цитираниот закон би било незаконита."

Незадоволни од наведеното Решение, сега тужителите поднеле Жалба до Агенцијата, заведена под бр.08-263 на 04.07.2023 година, каде било наведено дека Имателот на информацијата погрешно утврдил дека во спреведена постапка-тест на

штетност - биле разгледани последиците кои можат да настанат врз интересот кој се заштитува. Обработката на личните податоци е законита само ако и до оној степен доколку е исполнет најмалку еден од следните услови од алинеја 1, субјектот на лични податови дал согласност за обработка на неговите личните...“. Со електронски допис бр. 08-263 од 04.07.2023 година, Жалбата била препратена до Имателот на информации, кој на 12.07.2022 година до тужениот орган по електронски пат доставил Одговор на жалба бр.11-1143/23-4 од 10.07.2023 година, и известува дека останува на наводите утврдени во донесеното решение, со тоа што истакнува дека наводите истакнати во жалбата се неосновани од причини детално образложени во решението на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, по разгледување на Жалбата и другите списи во врска со предметот, донела Решение бр.08-263 од 17.07.2023 година, со кое жалбата се одбива како неоснована, додека решението на имателот на информации бр. 11-1143/23 од 08.06.2023 година, се потврдува. Имено тужениот орган утврдил дека Имателот на информации, законски постапил по поднесеното барање, со тоа што правилно донел решение со кое го одбил барањето со образложение дека бараните информации не се информации од јавен карактер, дека тие се исклучок од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Побараните податоци за нивните адреси и место на живеење, претставуваат заштитен личен податок, согласно Уставот на Република Северна Македонија, согласно член 4 став 1, точка 1 од Законот за заштита на личните податоци и член 6 став 1 алинеја 2 Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Имено, тужениот орган констатирал дека Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, овозможува делумен пристап до бараната информација, регулиран во член 6 став 4, односно ако документот содржи информации што можат да се одвојат од документот без притоа да се загрози неговата безбедност, имателот на информации ги одвојува тие информации од документот и го известува барателот за содржината на останатиот дел од документот, но тоа во конкретниот случај не може да се спроведе од причина што името и презимето на судијата се наведени во самото Барање, што значи Барателот е запознаен со таа информација, а нивните адресни податоци не можат да се анонимизират. Во однос на жалбениот навод дека обработката на личните податоци е законита, тужениот орган со оспореното решение им укажал на сега тужителите дека не е спорно дека е законита обработката на личните податоци на субјектите, но тие задолжително треба да се заштитени пред јавноста. Ваквите податоци мора да се обработуваат само за конкретни цели и со согласност на засегнатото лице, а истите да бидат заштитени согласно со закон. Воедно, тужителите пред конкретната управна постапка со допис Доставување одговор бр. 08-128 од 14.03.2023 година писмено се контактирани од страна на тужениот орган, на кои им било укажано дека побараната информација не може да се оставри преку Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Против наведеното решение на тужниот орган, тужителите поднесоа тужба за управен спор.

Судот најде дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот, поради следното:

Согласно член 4 став 1 точка 1 и 2 од Законот за заштита на личите податоци („Службен весник на РСМ“ бр.42/2020), „Личен податок“ е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се

идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице физичко лице; 2. „Обработка на личните податоци" е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување.

Согласно член 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/2019), со овој закон се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и им се овозможува на физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Имателите на информации за својата работа се должни да овозможат информираност на јавноста.

Согласно член 6 став 1 точка 2 од истиот закон, Имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци.

Согласно член 25 од истиот закон, имателот на информација со решение може во целост или делумно да го одбие барањето, ако утврди дека бараната информација е информација од членот 6 став (1) од овој закон, имајќи го предвид резултатот од спроведениот тест за штетност.

Во конкретниот случај овој суд најде дека тужениот орган правилно постапил кога го донел оспореното решение со кое жалбата изјавена од М.Ч. и Д.Ч , од Гостивар, поднесена против Решението на Судски совет на Република Северна Македонија бр.11-1143/23 од 08.06.2023 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, ја одбил како неоснована, а Решението на Имателот на информации бр. 11-1143/23 од 08.06.2023 година, ја потврдил.

Имено, по наоѓање на овој суд, имателот на информации, при одлучување по поднесеното барање за пристап до информации од јавен карактер на сега тужителите, постапил во согласност со прописите од дадената област, од причина што пред да донесе управен акт со кое го одбил барањето на тужителите образложена погоре во оваа одлука, го проценил односот помеѓу два заштитени интереси – интересот за заштита (необјавување) на бараната информација и интересот за објавување на информацијата, кои интереси се легитимни, согласно член 6 став, 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, преку спроведување на тест на штетност како задолжително процесно дејствие. Предвид наведеното, како Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, не ја предвидува формата на тестот на штетност, истиот се спроведува меритократно за секое одделно барање, во зависност од бараната информација, нејзиниот контекст и околностите кои произлегуваат од нејзиното објавување,

односно необјавување, а за предметната побарана информација, штетноста е утврдена однапред, согласно посебни законски прописи, во конкретниот случај, имајќи го предвид и Прирачникот за спроведувањето на тестот на штетност, за Судот е доволно што имателот на информацијата, по спроведениот тест на штетност дал пишано образложение во управниот акт бр. 11-1143/23 од 08.06.2023 година (со кој постапува по барањето) како бил исходот од спроведениот тест на штетност во однос на конкретните релевантни факти. Оттука, Судот утврди дека сепак потенцијалната штета што би произлегла од објавувањето на информацијата која претставува личен податок, ја надминува целта на јавниот интерес за обезбедување пристап до бараната информацијата, дотолку повеќе што во конкретна постапка по поднесено барање се идентификува законски основ за одбивање на пристап до бараната информација.

При одлучувањето, Судот го ценеше наводот на тужителите истакнат во тужбата, прецизирањето на тужбата како и на изнесеното на јавната расправа во однос на тестот на штетност дека истиот не е приложен кон списите на предметот како пишан доказ, меѓутоа, истиот го оцени како неоснован и без влијание за поинакво одлучување од причини елаборирани погоре во ова пресуда. Во однос на наводот на тужителот дека одговорот на жалба што Судкски совет го дал до тужениот орган, не бил доставен до сега тужителите со цел произнесување по истиот, судот најде дека истиот навод е сублимиран со одржаната јавна расправа пред Управниот суд и тужителите во текот на јавната расправа се произнесоа по истиот, во духот на начелото на контраикторност за водење на управо судска постапка.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителите е неоснована и одлучи согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управниот суд на ден 07.04.2026 година под У-6.бр.223/2026.

Судија поединец
m-r Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

Пресудата да се достави на:
- тужители
- тужен орган

Судија поединец
m-r Diturije Elezi Neziri